4. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Vlatko Ivanov

Digitally signed by Vlatko Ivanov
DN: c=MK, o=GI Makedonija, 2.5.4.97=VATMK-4030975274722, ou=GI Makedonija:4030975274722, sn=Ivanov, givenName=Vlatko, serialNumber=CRT3608202, cn=Vlatko Ivanov
Date: 2021.08.27 12:18:20 +02'00'

Bojan Mulichkovski

Digitally signed by Bojan Mulichkovski
DN: c=MK, ou=VAT - 4057015528431, 2.5.4.97=NTRMK-7023499, o=DTU BILD URBAN DOOEL Skopje, serialNumber=160518, title=Upravitel, sn=Mulichkovski, givenName=Bojan, cn=Bojan Mulichkovski
Date: 2021.08.27 12:07:45 +02'00'

4.1.Текстуален дел ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

4.1.1. Вид на план, назив на подрачјето на планскиот опфат, плански период, површина на планскиот опфат и општина на која припаѓа подрачјето на планскиот опфат

Предмет на изработка е**Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 16, Општина Ѓорче Петров, Скопје**.

Деталниот урбанистички план е изработен согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план надвор од населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура („Сл. весник на РМ" бр.142/15).

Планскиот период на Деталниот урбанистички план е 2020 – 2025 год., во склад со одредбите на Член 43 од Законот.

Просторот дефиниран за изработка на **Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 16, Општина Ѓорче Петров, Скопје**, со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Ѓорче Петов и е интегрален дел од градежниот реон на Град Скопје.

Локалитетот преставува дел од изградена структура и се наога на ≈4,0 км од централното градско јадро во правец на северозапад.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022. Истата се движи како што следи:

- на северозапад започнува од најзападната точка 1 и се движи во североисточен правец по оска на градска магистрала ул. Црногорска (планиран профил на градска магистрала по ГУП на Град Скопје 2012-2022), сè до најсеверната точка 11;
- на североисток започнува од најсеверната точка 11 и се движи во југоисточен правец по оска на градска магистрала Бул. Илинден „А" А.04-С.06 (планиран профил на градска магистрала по ГУП на Град Скопје 2012-2022), сè до најисточната точка 14;
- на исток границата започнува од најисточната точка 14 и се движи во јужен правец по оска на собирна улица „Ацо Шопов" D.03-C.05 (планиран профил на собирна улица по ГУП на Град Скопје 2012-2022), сè до најјужната точка 30;
- на југ границата започнува од најјужната точка 30 и се движи во западен правец по оска на собирна улица Бул. „Партизански одреди" (планиран профил на собирна улица по ГУП на Град Скопје 2012-2022), сè до прекршната точка 41 и
- на запад границата започнува од прекршната точка 41 и се движи во северен правец по оска на градска магистрала Бул. Македонска војска „А" С.25-С.45 (планиран профил на градска магистрала по ГУП на Град Скопје 2012-2022),

сè до почетната најзападна точка 1.

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на прекршните точки со редни броеви од 1 до 58 и 6 лаци , а за секоја точка табеларно се дадени следните параметрите по Y и X координати:

Геометриски елемент	Реден број	X	Y	
Правци	**1**	**7530280,1550**	**4652015,8846**	**Најзападна**
	2	7530299,3467	4652016,9953	
Лак **01**	Испапчување:	0,2755		
	Центар:	7530287,8767	4652113,4908	
	Радиус:	97,1748		
	Почетен агол:	277°		
	Краен агол:	338°		
Правци	3	7530378,2269	4652077,7168	
	4	7530438,9218	4652188,1655	
	5	7530504,3210	4652270,5514	
	6	7530569,7201	4652352,9373	
	7	7530635,1193	4652435,3232	
	8	7530698,1855	4652530,3454	
	9	7530761,2518	4652625,3677	
	10	7530824,3180	4652720,3900	
	11	**7530887,3842**	**4652815,4123**	**Најсеверна**
Лак **02**	Испапчување:	-0,0184		
	Центар:	7530411,0182	4652663,5061	
	Радиус:	500,0000		
	Почетен агол:	18°		
	Краен агол:	13°		
Правци	12	7530897,2503	4652780,0324	
	13	7530931,2428	4652638,1911	
Лак **03**	Испапчување:	0,1727		
	Центар:	7531417,4749	4652754,7174	
	Радиус:	500,0000		
	Почетен агол:	193°		
	Краен агол:	233°		
Правци	**14**	**7531114,3371**	**4652357,0901**	**Најисточна**
	15	7531074,9976	4652311,0122	
	16	7531049,9916	4652264,0656	
	17	7531036,7039	4652216,8457	
	18	7531032,5193	4652169,9478	
	19	7531034,8225	4652123,9673	
	20	7531040,9984	4652079,4996	
	21	7531042,6504	4652069,8845	

	22	7531047,9346	4652037,4374	
	23	7531049,5064	4652005,9027	
	24	7531048,0581	4651975,5229	
	25	7531044,2820	4651946,5403	
	26	7531038,8706	4651919,1974	
	27	7531004,5841	4651776,3143	
Лак **04**	Испапчување:	-0,0637		
	Центар:	7530907,3446	4651799,6481	
	Радиус:	100,0000		
	Почетен агол:	347°		
	Краен агол:	332°		
Правци	28	7530995,5747	4651752,5797	
	29	7530968,5622	4651701,9445	
	30	**7530961,5944**	**4651688,8832**	**Најјужна**
	31	7530955,1100	4651691,1903	
	32	7530860,4246	4651724,8241	
	33	7530765,7391	4651758,4578	
	34	7530671,0537	4651792,0916	
	35	7530576,3682	4651825,7254	
Лак **05**	Испапчување:	0,0756		
	Центар:	7530456,3989	4651539,0221	
	Радиус:	310,7916		
	Почетен агол:	67°		
	Краен агол:	85°		
Правци	36	7530485,7677	4651848,4230	
Лак **06**	Испапчување:	0,0881		
	Центар:	7530472,4055	4651594,7747	
	Радиус:	254,0000		
	Почетен агол:	87°		
	Краен агол:	107°		
Правци	37	7530397,6303	4651837,5187	
	38	7530389,4973	4651834,8848	
	39	7530381,8502	4651832,1713	
	40	7530374,2702	4651829,2753	
	41	7530373,3277	4651828,9004	
	42	7530370,9068	4651839,4874	
	43	7530366,8501	4651850,8663	
	44	7530361,5327	4651862,7253	
	45	7530355,3294	4651874,7526	
	46	7530348,6154	4651886,6363	
	47	7530341,7655	4651898,0646	
	48	7530335,1546	4651908,7256	
	49	7530329,1579	4651918,3075	

	50	7530324,0639	4651926,5862
	51	7530319,8159	4651933,6886
	52	7530313,2856	4651945,2227
	53	7530308,4226	4651954,6269
	54	7530304,0826	4651963,6182
	55	7530299,0694	4651974,2052
	56	7530295,8755	4651981,0711
	57	7530291,9812	4651989,5631
	58	7530287,2047	4652000,1146

Нај	X	Y
Северна	7530887,3842	4652815,4123
Источна	7531114,3371	4652357,0901
Јужна	7530961,5944	4651688,8832
Западна	7530280,1550	4652015,8846

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно **47,389 ha**, односно **47389,035m²**.

Периметарот на планскиот опфат изнесува **3080,590m'**.

Површината на Четвртта СЗ 16 во рамки на регулациската линија како што е дефинирана со Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт СЗ 16, изнесува **40,45 ha**.

Површината на уличната мрежа од Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт СЗ 16, во рамките на планскиот опфат изнесува **6,939 ha**.

БЛОК СЗ 16.01		
СОГЛАСНО Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт СЗ 16, Блок СЗ 16.01	површина м2	површина ха
Површина на регулациона линија	**207953**	**20.80**
Површина на примарна улична мрежа	**45120**	**4.512**
Површина на плански опфат	**253072**	**25.307**

локалитет: Детален урбанистички план Градска четврт СЗ 16, Блок СЗ 16.01, Општина Ѓорче Петров, Скопје	површина м2	површина ха
Површина на регулациона линија	**205652**	**20.565**
Површина на Д2 заштитно зеленило	**2059**	**0.206**
Површина на секундарна улична мрежа	**242**	**0.024**
Површина во рамки на регулациона линија по Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт СЗ 16	**207953**	**20.795**
Површина на примарна улична мрежа	**45120**	**4.512**
Површина на плански опфат	**253072**	**25.307**

БЛОК СЗ 16.02		
СОГЛАСНО Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт СЗ 16, Блок СЗ 16.02	површина м2	површина ха
Површина на регулациона линија	**58343**	**5.83**
Површина на примарна улична мрежа	**10049**	**1.005**
Површина на плански опфат	**68392**	**6.839**

локалитет: Детален урбанистички план Градска четврт СЗ 16, Блок СЗ 16.02, Општина Ѓорче Петров, Скопје	површина м2	површина ха
Површина на регулациона линија	**45039**	**4.504**
Површина на Д1 парковско зеленило	**2594**	**0.259**
Површина на секундарна улична мрежа	**10710**	**1.071**
Површина во рамки на регулациона линија по Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт СЗ 16	**58343**	**5.834**
Површина на примарна улична мрежа	**10049**	**1.005**
Површина на плански опфат	**68392**	**6.839**

БЛОК СЗ 16.03		
СОГЛАСНО Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт СЗ 16, Блок СЗ 16.03	површина м2	површина ха
Површина на регулациона линија	**39204**	**3.92**
Површина на примарна улична мрежа	**11262**	**1.126**
Површина на плански опфат	**50466**	**5.047**

локалитет: Детален урбанистички план Градска четврт СЗ 16, Блок СЗ 16.03, Општина Ѓорче Петров, Скопје	површина м2	површина ха
Површина на регулациона линија	**29622**	**2.962**
Површина на Д1 парковско зеленило	**3940**	**0.394**
Површина на секундарна улична мрежа	**5643**	**0.564**
Површина во рамки на регулациона линија по Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт СЗ 16	**39204**	**3.920**
Површина на примарна улична мрежа	**11262**	**1.126**
Површина на плански опфат	**50466**	**5.047**

БЛОК СЗ 16.04		
СОГЛАСНО Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт СЗ 16, Блок СЗ 16.04	површина м2	површина ха
Површина на регулациона линија	**82424**	**8.24**
Површина на примарна улична мрежа	**19536**	**1.954**
Површина на плански опфат	**101960**	**10.196**

локалитет: Детален урбанистички план Градска четврт СЗ 16, Блок СЗ 16.04, Општина Ѓорче Петров, Скопје	површина м2	површина ха
Површина на регулациона линија	**66554**	**6.655**
Површина на Д1 парковско зеленило	**3315**	**0.332**
Површина на Д2 заштитно зеленило	**6604**	**0.660**
Површина на секундарна улична мрежа	**5951**	**0.595**
Површина во рамки на регулациона линија по Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт СЗ 16	**82424**	**8.242**
Површина на примарна улична мрежа	**19536**	**1.954**
Површина на плански опфат	**101960**	**10.196**

Градска Четврт СЗ 16 согласно ГУП на град Скопје		
СОГЛАСНО Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт СЗ 16	површина м2	површина ха
Површина на регулациона линија	**404507**	**40.451**
Површина на примарна улична мрежа	**69384**	**6.938**
Површина на плански опфат	**473891**	**47.389**

Границите на планскиот опфат се следните:

На Северозапад: по оска на ул. ''Црногорска '' (планиран профил по ГУП на Град Скопје 2012-2022);

На Североисток: по оска на Бул. ''Илинден '' (планиран профил по ГУП на Град Скопје 2012-2022);

На Исток: по оска на ул. ''Ацо Шопов'' (планиран профил по ГУП на Град Скопје 2012-2022);

На Југ: по оска на Бул. ''Партизански Одреди'' (планиран профил по ГУП на Град Скопје 2012-2022) и

На Запад: по оска на Бул. Македонска војска (планиран профил по ГУП на Град Скопје 2012-2022).

4.1.2. Опис и образложение на планскиот концепт на просторен развој хармонизација на просторот на подрачјето во рамките на планскиот опфат

Појдовна точка во изнаоѓање на концепцијата на решението на овој ДУП покрај смерниците од ГУП и Регулацискиот план на ГУП на град Скопје 2012-2022 за четврт СЗ 16, се и создадените услови на просторот кој е предмет на изработка на оваа урбанистичка документација. Концепцијата на решението произлегува од постојната состојба и увидот на лице место.

Површината на планскиот опфат е релативно градежно изградено земјиште меѓутоа има појава на голем дек од неизградено земјиште. Со планот се формираат градежни парцели и се предвидуваат површини за градба со намена во согласност со ГУП на Град Скопје, Регулациски план на ГУП на град Скопје 2012-2022 за четврт СЗ 16 и состојбата на терен.

Градежните парцели се планираат со основна класа на наменаА2-Домување во станбени згради, А3-групно домување, Б2-Големи трговски единици, В1- Образование и наука, Г2-Лесна и незагадувачка индустрија иЕ2-комунална супраструктура.

Планираната сообраќајна мрежа е усогласена со законската регулатива. Предвидени се сервиснии станбени улици преку кои се овозможува пристап до секоја парцела. Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај за сите класи на намени, потребите за паркирање за градежните парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) како услов за градење при издавање на Одобрението за градење.

Деталниот урбанистички план за овој простор треба да овозможи сообраќајно поврзување до секоја градежна парцела, односно објект.

Во рамките на опфатот формирани се 59 градежни парцели.

Вкупна изградена површина на ниво на плански опфат е 660787m².

Просечен процент на изграденост изнесува 53%.

Просечен коефициент на искористеност изнесува 1,90.

4.1.3. Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура

Просторниот концепт го сочинува следниот систем на класи на намени:

А - домување
Б - комерцијални и деловни намени,
В - јавни институции
Г-производство, дистрибуција и сервиси
Д - Зеленило и рекреација,
Е - Инфраструктура
и површини наменети за сообраќајници

Во графичкиот прилог се дадени симболи за соодветни намени на просторот а тоа се следните:

А2-Домување во станбени згради
Б2- Големи трговски единици
В1- Образование и наука
Г2- Лесна и незагадувачка индустрија
Д1 –Парковско зеленило
Д2–Заштитно зеленило
Е2-Комунална супраструктура

Предвидениот концепт се надоврзува на намените што ги предвидуваат важечките плански документации – Генералниот урбанистички план на Град

Скопје иРегулацискиот план на ГУП на град Скопје 2012-2022 за четврт СЗ 16,разработен посебно за секој блок како и состојбата на терен.

Планирани се градежни линии и површини за градење на повеќе градби во согласно членовите 34, 35, 36, 37, 38, 39 и 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Висините на градбите се планирани согласно членовите 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47 и 48 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и се одредени за секоја површина за градба - градежна парцела поединечно.

За одредување на процентуалната застапеност на зеленило во рамките на градежните парцели, потребно е да се задоволи член 20 од Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија, број 11/18).

4.1.3.1 Единици на градежно земјиште

Планскиот опфат е дефиниран во 4 (четири) блока и се состои од 59 градежни парцели и градежно земјиште за општа употреба.

Градежните парцели се нумерирани со арапски цифри.

Според оваа нумерација се изработени урбанистички параметри за секоја градежна парцела поединечно на ниво на цел плански опфат и истите се прикажани во синтезниот приказ.

4.1.3.2 Класа на намени

Со Планот се утврдени следните основни класи на намени:

1. А- *Домување*..... 5,878ха

Во рамките на планскиот опфат 12,40 % од просторот е ангажиран за домување со основна класа на намена:

- А2-домување во станбени згради

Покрај основната класа на намена А2 – Домување во станбени згради предвидена е и компатабилна класа на намена на основната класа на намена а тоа е:

- Б5- Хотелски комплекси. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 15%.
- Б1-Мали комерцијални и деловни намени. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 20%.
- Б2-Големи трговски единици. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.
- Б4-Деловни простори. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 20%.

- В3-Култура. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 40%.
- В4-Државни институции. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 10%.
- Д3-Спорт и рекреација. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 40%.

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 40%.

При уредувањето на просторот водено е сметка за негова рационална искористеност да не се нарушат основните принципи на начин на живеење и хуманизација на просторот што е постигнато со диспозиција, површина, катност и висина на објектите. Истите се планираат со различна катност од П+9+Пк, П+5+Пк, П+4+Пк и П+3 и максимална висина на венец од Н=64,00м, Н=21,00м, Н=13,20м.

При планирањето извршено е утончување на границите на градежните парцели со границите на катастарските парцели од системот Мак едит на Агенцијата за Катастар за недвижности на Република Македонија, а согласно податоците презентирани во Геодетскиот елаборат "Ажурирана геодетска подлога" изработена од ГеоПремер Кат , заведена под број 2007-90/3 од 06.04.2020 год.

Со анализа на постојната состојба добиен е целосен увид во однос на бројот, големината и материјалната вредност на станбените објекти. Од тука е произлезен и ставот за идниот статус на секој поединечен објект, неговиот однос кон вклопување во цели на планирање.

- Максимална висина т.е. одредување на кота на венец во однос на тротоар е:
  - кота на тротоар $\pm$ 0.00 м
  - кота на приземна плоча или нулта точка во однос на нивелетата на тротоар мах. 1,20 м
  - Мах. агол на кров 30°
  - Вкупна површина на локации за домување..... 58776 м^2
  - Површина под градба.....22187м^2
  - Бруто развиена површина.....206558м^2
  - Број на жители.....5926
  - Број на станови.....1646
  - Просечна структура на домаќинство……..……3.6
  - Нето густина густина на домување …….. 280ж/ха
  - Процент на изграденост.....39 %
  - Коефициент на искористеност.....3.51

Табела А-**ДОМУВАЊЕ** согласно **Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 16, Општина Ѓорче Петров, Скопје**

локалитет: Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 16, Општина Ѓорче Петров, Скопје									
ДОМУВАЊЕ									
блок	класа на намена	број на домаќинства	број на жители	површина на локација во дел	површина под градба	процент на изграденост	вкупно изградена површина	коефициент на искористеност	нето густина
				m2	m2	%	m2	k	`/ha
СЗ 16.02	А2 домување во станбени згради	774	2785	32946 м2	11323 м2	34%	95615 м2	2.90	235
СЗ 16.03	А2 домување во станбени згради	573	2064	17386 м2	8638 м2	50%	75959 м2	4.37	330
СЗ 16.04	А2 домување во станбени згради	299	1076	8132 м2	3190 м2	39%	34984 м2	4.30	368
Вкупно		**1646**	**5926**	**58464 м2**	**23151 м2**	**40%**	**206558 м2**	**3.53**	**282**

А-ДОМУВАЊЕ					
основна класа на намена	површина на локација	површина под градба	процент на изграденост	вкупно изградена површина	коефициент на искористеност
	m2	m2	%	m2	k
А2 Домување во станбени згради	58464 м2	23151 м2	40%	206558 м2	3.53

Во **бруто развиената површина** се вкалкулирани и површините за домување предвидени долж примарната улична мрежа кои не влегуваат во вкупната бруто површина предвидена за домување според Посебните услови по четврт- нумерички показатели од ГУП на град Скопје 2012год., што е во согласност со член 37 од Општите и посебни услови за просторен развој на ГУП на град Скопје 2012год.

Земајќи ја во обsир местоположбата и атрактивноста на локацијата, се применуваат одредбите на Член 37 од Општите и посебни услови за просторен развој од Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012 – 2022, односно долж собирните улици „Ацо Шопов" и булевар „Партизански одреди" и градска магистрална улица „Македонска војска", се планираат т.н. линиски центри во длабочина од 25m во внатрешноста на планскиот опфат, мерено од регулациската линија на четвртта СЗ 16 како што е планирана со ГУП на Град Скопје 2012 – 2022и одобренатаПланска програма .Во овој дел се планираат градежни парцели со основна класа на намена А2 – Домување во станбени згради, како логична целина долж собирни улици, кои со своите параметри не влегуваат во нумеричките показатели на четвртта на која и припагаат.

Тоасе следните градежни парцели одделно во секој блок:

Блок СЗ 16.02

Линиски центри СЗ 16.02				
број на парцела	површина под градба	површина под градба под линијски центар	вкупно изградена површина	Процент на зафатеност под линијски центар
02.1	972 м2	972 м2	10692 м2	100%
02.2	412 м2	359 м2	5744 м2	87%
02.3	412 м2	260 м2	4160 м2	63%
02.4	756 м2	756 м2	8316 м2	100%
Вкупно	**2552 м2**	**2347 м2**	**28912 м2**	**92%**

АНАЛИЗА НА НУМЕРИЧКИ ПОКЗАТЕЛИ ВО/ВОН ЛИНИСКИ ЦЕНТАР за класа на намена А2-Домување во станбени згради

БЛОК СЗ 16.02

А2-ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ		површина на градежна парцела	површина под градба **ВОН** линиски центар	површина под градба **ВО** линиски центар	вкупно изградена површина **ВОН** линиски центар	вкупно изградена површина **ВО** линиски центар
					m2	m2
02.1	Ново планирана	3675 м2	972 м2	972 м2	10692 м2	10692 м2
02.2	Ново планирана	1776 м2	412 м2	359 м2	6592 м2	5744 м2
02.3	Ново планирана	1776 м2	412 м2	260 м2	6592 м2	4160 м2
02.4	Ново планирана	2672 м2	756 м2	756 м2	8316 м2	8316 м2
02.5	Ново планирана	3090 м2	900 м2	/	7200 м2	/
02.6	Ново планирана	2574 м2	900 м2	/	7200 м2	/
02.7	Ново планирана	2036 м2	412 м2	/	6592 м2	/
02.8	Ново планирана	2706 м2	900 м2	/	7200 м2	/
02.9	Ново планирана	2709 м2	900 м2	/	7200 м2	/
02.10	Ново планирана	2045 м2	900 м2	/	7200 м2	/
02.11	Ново планирана	2136 м2	900 м2	/	7200 м2	/
02.12	Ново планирана	1991 м2	412 м2	/	6592 м2	/
02.13	Ново планирана /компатибилна на П+1/	3759 м2	2547 м2	/	1944 м2	/
Вкупно		**32946 м2**	**11323 м2**	**2347 м2**	**90520 м2**	**28912 м2**

БРОЈ НА ЖИТЕЛИ И ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ СОГЛАСНО Детален урбанистички план Градска четврт СЗ 16, Блок СЗ 16.02

А2-ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ		вкупно изградена површина	Станебена површина по жител (м2/ж)	Број на жители	Густина на населеност (ж/ха)
ВОН линиски центар	Ново планирана	90520 м2	32.5	2785 м2	**845**
ВО линиски центар	Ново планирана	61608 м2	32.5	1896 м2	**575**

АНАЛИЗА НА НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ СЗ 16.02	
ВКУПНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОМУВАЊЕ СОГЛАСНО ДОКУМЕНТАЦИОНАТА ОСНОВА	м2
/	/
ВКУПНО документациона основа	
ВКУПНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОМУВАЊЕ СОГЛАСНО ДУП	м2
А2 Домување во станбени згради	95615 м2
ГП 02.13-/компатибилна на П+1/	1944 м2
ВКУПНО	90520 м2
(ЛИНИЈАСКИ ЦЕНТРИ)	м2
А2 Домување во станбени згради	28912 м2
ВКУПНО планска документација	61608 м2

Блок СЗ 16.03

Линиски центри СЗ 16.03				
број на парцела	површина под градба	површина под градба под линијски центар	вкупно изградена површина	Процент на зафатеност под линијски центар
03.9	163 м2	163 м2	816 м2	100%
03.10	4434 м2	2495 м2	26782 м2	56%
03.11	440 м2	440 м2	4844 м2	100%
03.12	460 м2	460 м2	5056 м2	100%
03.13	648 м2	648 м2	7128 м2	100%
03.14	648 м2	648 м2	7128 м2	100%
Вкупно	**6793 м2**	**4854 м2**	**51754 м2**	**71%**

АНАЛИЗА НА НУМЕРИЧКИ ПОКЗАТЕЛИ ВО/ВОН ЛИНИСКИ ЦЕНТАР за класа на намена А2-Домување во станбени згради						
БЛОК СЗ 16.03						
А2-ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ		површина на градежна парцела	површина под градба **ВОН** линиски центар	површина под градба **ВО** линиски центар	вкупно изградена површина **ВОН** линиски центар	вкупно изградена површина **ВО** линиски центар
					m2	m2
03.1	Ново планирана	401 м2	183 м2	/	913 м2	/
03.2	Ново планирана	306 м2	172 м2	/	861 м2	/
03.3	Ново планирана	321 м2	172 м2	/	860 м2	/
03.4	Ново планирана	478 м2	234 м2	/	1171 м2	/
03.5	Ново планирана	358 м2	153 м2	/	764 м2	/
03.6	Ново планирана	585 м2	333 м2	/	1664 м2	/
03.7	Ново планирана	618 м2	318 м2	/	1592 м2	/
03.8	Ново планирана	717 м2	280 м2	/	1400 м2	/
03.9	Ново планирана	538 м2	163 м2	/	816 м2	816 м2
03.10	Ново планирана /компатибилна на П+1/	6385 м2	4434 м2	2495 м2	32896 м2	26782 м2
03.11	Ново планирана	1309 м2	440 м2	440 м2	4844 м2	4844 м2
03.12	Ново планирана	1553 м2	460 м2	460 м2	5056 м2	5056 м2
03.13	Ново планирана	2024 м2	648 м2	648 м2	7128 м2	7128 м2
03.14	Ново планирана	1793 м2	648 м2	648 м2	7128 м2	7128 м2
Вкупно		**17386 м2**	**8638 м2**	**4691 м2**	**67091 м2**	**51754 м2**

БРОЈ НА ЖИТЕЛИ И ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ СОГЛАСНО Детален урбанистички план Градска четврт СЗ 16, Блок СЗ 16.03					
А2-ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ		вкупно изградена површина	Станебена површина по жител (м2/ж)	Број на жители	Густина на населеност (ж/ха)
ВОН линиски центар	Ново планирана	67091 м2	32.5	2064 м2	1187
ВО линиски центар	Ново планирана	15337 м2	32.5	472 м2	271

АНАЛИЗА НА НУМЕРИЧКИ ПОКЗАТЕЛИ СЗ 16.03	
ВКУПНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОМУВАЊЕ СОГЛАСНО ДОКУМЕНТАЦИОНАТА ОСНОВА	м2
А1 домување во станбени куќи	2895 м2
ВКУПНО документациона основа	
ВКУПНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОМУВАЊЕ СОГЛАСНО ДУП	м2
А2 Домување во станбени згради	75959 м2
ГП 03.10-/компатибилна на П+1/	32896 м2
ВКУПНО	**67091 м2**
ВКУПНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ПОКРАЈ ПРИМАРНА УЛИЦА	м2
А2 Домување во станбени згради	51754 м2
ВКУПНО планска документација	**15337 м2**

Блок СЗ 16.04

Линиски центри СЗ 16.04				
број на парцела	површина под градба	површина под градба под линијски центар	вкупно изградена површина	Процент на зафатеност под линијски центар
04.1	540 м2	308 м2	3386 м2	57%
04.3	1177 м2	853 м2	9378 м2	72%
04.4	945 м2	837 м2	9202 м2	89%
Вкупно	**2663 м2**	**1997 м2**	**21967 м2**	**75%**

АНАЛИЗА НА НУМЕРИЧКИ ПОКЗАТЕЛИ ВО/ВОН ЛИНИСКИ ЦЕНТАР за класа на намена А2-Домување во станбени згради						
БЛОК СЗ 16.04						
А2-ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ		површина на градежна парцела	површина под градба **ВОН** линиски центар	површина под градба **ВО** линиски центар	вкупно изградена површина **ВОН** линиски центар	вкупно изградена површина **ВО** линиски центар
					m2	m2
04.1	Ново планирана	2354 м2	540 м2	308 м2	5832 м2	3386 м2
04.2	Ново планирана	1243 м2	528 м2	/	5803 м2	/
04.3	Ново планирана	2582 м2	1177 м2	853 м2	12951 м2	9378 м2
04.4	Ново планирана	1953 м2	945 м2	837 м2	10397 м2	9202 м2
Вкупно		**8132 м2**	**3190 м2**	**1997 м2**	**34984 м2**	**21967 м2**

БРОЈ НА ЖИТЕЛИ И ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ СОГЛАСНО Детален урбанистички план Градска четврт СЗ 16, Блок СЗ 16.04					
А2-ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ		вкупно изградена површина	Станебена површина по жител (м2/ж)	Број на жители	Густина на населеност (ж/ха)
ВОН линиски центар	Ново планирана	34984 м2	32,5	1076 м2	1324
ВО линиски центар	Ново планирана	13017 м2	32,5	401 м2	493

АНАЛИЗА НА НУМЕРИЧКИ ПОКЗАТЕЛИ СЗ 16.04	
ВКУПНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОМУВАЊЕ СОГЛАСНО ДОКУМЕНТАЦИОНАТА ОСНОВА	м2
А1 домување во станбени куќи	2201 м2
ВКУПНО документациона основа	
ВКУПНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОМУВАЊЕ СОГЛАСНО ДУП	м2
А2 Домување во станбени згради	34984 м2
ВКУПНО	**34984 м2**
ВКУПНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ПОКРАЈ ПРИМАРНА УЛИЦА	м2
А2 Домување во станбени згради	21967 м2
ВКУПНО планска документација	**13017 м2**

Вкупната бруто изградена површина за домување на објекти покрај примарна улична мрежа (линиски центри) изнесува (61608+15337+13017) =89962м2.

При планирањето на површините за градење за домување, тенденција е обезбедување на минимум 32,5m² бруто станбена површина по жител.

89962/32,5=2768 жители, односно 2768/3,6=769 број на семејства

Дозволена нето густина на населеност 2768ж./5,88ха=473

2. Б-Комерцијални и деловни намени..... 9,377 ха

Во рамките на планскиот опфат 19,79 % од просторот е ангажиран за домување со основна класа на намена:

- Б2-големи трговски единици

Покрај основната класа на намена Б2- големи трговски единици предвидена е и компатабилна класа на намена на основната класа на намена а тоа е:

- А2-домување во станбени згради. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 40%.
- А3-групно домување. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 40%.
- Б5- Хотелски комплекси. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 40%.
- Б3- Големи угостителски единици. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 40%.
- Б4-Деловни простори. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 40%.
- В3-Култура. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 40%.
- В4-Државни институции. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 40%.

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 40%.

Табела Б-**КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ** согласно **Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 16, Општина Ѓорче Петров, Скопје**

Б-КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ					
основна класа на намена	површина на локација	површина под градба	процент на изграденост	вкупно изградена површина	коефициент на искористеност
	m2	m2	%	m2	k
Б2-Големи трговски единици	93773 м2	61184 м2	65%	170207 м2	1,82

3. В- ***Јавни институции*****..... 1,210 ха**

Во рамките на планскиот опфат–2,55% од просторот е ангажиран со основни класи на намена:

- **В1– Образование и наука**

Покрај основната класа на намена В1– Образование и наука предвидена е и компатабилна класа на намена на основната класа на намена а тоа е:

- Д3-Спорт и рекреација. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 20%.

Во блок СЗ 16.03, дефинирана е градежна парцела 03.15 со основна класа на намена В1-образование и наука.

В-ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ					
основна класа на намена	**површина на локација**	**површина под градба**	**процент на изграденост**	**вкупно изградена површина**	**коефициент на искористеност**
	m2	**m2**	**%**	**m2**	**k**
В1-Образование и наука	12104 м2	9734 м2	80%	29201 м2	2.41

4. Г- Прозиводство, дистрибуција и сервиси..... 6,386 ха

Во рамките на планскиот опфат–13,48 % од просторот е ангажиран со основна класа на намена:

- **Г2-лесна и незагадувачка индустрија**

Покрај основната класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија предвидена е и компатабилна класа на намена на основната класа на намена а тоа е:

- А4-времено сместување. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува30%.
- Б1-мали комерцијални и деловни единици. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.
- Б2-големи трговски единици. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.
- Б4-деловни простори. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 10%.
- В2- здравство и социјална заштита. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 5%.
- Д2-заштитно зеленило. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.
- Д3-спорт и рекреација. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.

- Д4-меморијални простори. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.
- Г3-сервиси. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.
- Г4-стоваришта. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.
- Е2 -комунална супраструктура. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.

Максимален дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намена во однос на основната класа на намена изнесува 49%.

Г- ПРОИЗВОДСТВО И СЕРВИСИ					
основна класа на намена	површина на локација	површина под градба	процент на изграденост	вкупно изградена површина	коефициент на искористеност
	m2	m2	%	m2	k
Г-Производство и сервиси	63864 м2	44651 м2	70%	44651 м2	0,70

5. В- ***Зеленило и рекреација*****..... 8,372 ха**

Во рамките на планскиот опфат–17,67 % од просторот е е ангажиран за Зеленило и рекреација со основни класи на намена:

- **Д1– Парковско зеленило**–15,84% од просторот е ангажиран во рамките на планскиот опфат

Компатабилни класи на намени: не се предвидува

Озеленување на просторот во останатите парцели, наменети за организирано зеленило е предвидено да биде со избор на вегетација според претходно изготвен проект и хортикултурно решение.

- **Д2– Заштитно зеленило-** 1,83% од просторот е ангажиран во рамките на планскиот опфат

Компатабилни класи на намени: не се предвидува

Заштитното зеленило има намена за заштита на животна средина, подобрување на микро-климатките услови и оплеменување и збогатување на непосредната околина што се одразува и на целокупниот амбиент во локалитетот. Просторот предвиден за заштитно зеленило претставува тампон зона меѓу различни намени.

Покрај споменатите , во рамките на Локалитетот , застапени се следните зелени површини:

-зеленило во парцели наменети за домување;

Во парцелите наменети за домување (станбени згради), соодветно на просторните можности, дворните места предвидено е да се уредат со затревнување и насади на вегетација како и поставување на клупи, чешми, канделабри и други елементи од урбана опрема.

Површините наменети за зеленило во просторот наменет за сообраќај да се уредат со затревнети површини и насади од висока вегетација во склад со теренските и просторните можности, без да пречат на прегледноста на движење по сообраќајните површини. При изработка на студија за стациониран сообраќај да се обележат сите насади од висока вегетација и истите да се почитуваат и вклопат во решението за стациониран сообраќај.

Да се овозможи континуитет во поврзувањето на сите сегменти од зелените простори (парковско, блоковско, заштитно, линеарно и др. во една единствена интегрална целина).

Д-ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА					
основна класа на намена	површина на локација	површина под градба	процент на изграденост	бруто развиена површина	коефициент на искористеност
	м2	м2	%	м2	к
Д1 парковско зеленило	71148 м2	/	/	/	/
Д2 заштитно зеленило	8663 м2				
Вкупно	**79811 м2**	**/**	**/**	**/**	**/**

6. Е- ***Инфраструктура*****..... 5,346 ха**

Во рамките на планскиот опфат–0,24 % од просторот е ангажиран за основна класа на намена Е2-комунална супраструктура/МРС/.

Во границите на планскиот опфат се оформува градежна парцела ГП 01.6 каде егзистира мерно регулациона станица со површина на парцела 653м2 и согласно податоците од ГАМА се планира уште една во ГП 04.13 соповршина на парцела 112м2.

На ГП 04.5 се предвидува Е2-комунална супраструктура/депо / со катност П+2 и висина на венец Н=15.00м. Истата е со површина на парцела 8837м2., вкупна површина за градба од 6575м², вкупна површина по катови од 22824м²

Компатабилни класи на намени:

- Б1 – Мали комерцијални и деловни намени,
- Б2-Големи трговски единици,
- Б3-Големи угостителски единици и
- Б4-деловно простори.

Нивната застапеност не може да биде поголема од 15% од вкупната површина на основната намена

На градежната парцела ГП 04.6 егзистира Е2 комунална супраструктура/ЈСП/ и се планира со површина на парцела 43492м2.,вкупна површина за градба од 36778м², вкупна површина по катови од 186992м², мах.височина на градба од 16,50 м.

Во планскиот опфат, се планирааединаесет (12) трафостаници 10/0,4 кВ во сопствени парцели и во склоп на објекти.

Е-ИНФРАСТРУКТУРА					
основна класа на намена	површина на локација	површина под градба	процент на изграденост	вкупно изградена површина	коефициент на искористеност
	m2	m2	%	m2	k
Е2 комунална супраструктура /Мерно Регулациона Станица/	632 м2	145	23%	145	0,23
Е2 комунална супраструктура /трафостаница/	1078 м2	299 м2	28%	299 м2	0,28
Е2 комунална супраструктура/ЈСП/	43431 м2	36778 м2	85%	186992 м2	4,31
Е2 комунална супраструктура /депо/	8837 м2	6575 м2	64%	22824 м2	1,29
ВКУПНО	**53978 м2**	**43797 м2**	81%	**210260 м2**	**3,90**

4.1.3.3 Сообраќајно решение

Планираната улична мрежа за локалитетот **Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 16, Општина Ѓорче Петров, Скопје,** е поставена врз основа на поставката на Генералниот урбанистички план на град Скопје од 2012 год., Регулациски план на ГУП на град Скопје 2012-2022 за четврт СЗ 16, ДУП-ви со кои се граничи овој локалитет, постојната состојба на уличната мрежа која моментално го опслужува сообраќајот како и претпоставените токови на движење на моторниот и пешачкиот сообраќај а според урбанистички поставената организација на просторот со намена на површини и функции кои ќе егзистираат во истиот за предвидениот плански период.

Како основа на поставката на уличната мрежа се поставени планираните со ГУП од 2012 год.и Регулациски план на ГУП на град Скопје 2012-2022 за четвртС16, улици од примарната улична мрежа со точно утврдена траса и сообраќајни профили, а тоа се: Бул. "Илинден"и ул. "Црногорска" и Бул. "Македонска војска". Истите се со следна структура на сообраќајен профил:

А. Градски магистрални улици:

1. Булеварот "Илинден""А"А.04-С.06:Профил 1-1
   - пешачка патека-тротоар.....6.50
   - коловоз..... 7.00
   - средишно зеленило..... 5.00
   - коловоз..... 7.00
   - пешачка патека-тротоар..... 6.50

     Вкупно: 32,00м'

2. Улица"Црногорска":Профил 2-2
   - пешачка патека-тротоар.....2.00
   - коловоз..... 10.50
   - средишно зеленило..... 5.00
   - коловоз..... 10.50
   - пешачка патека-тротоар..... 2.00

     Вкупно: 30,00м'

3. Булеварот "Македонска војска""А" С.25-С.44:Профил 3-3
- пешачка патека-тротоар.....5.50
- коловоз..... 7.00
- средишно зеленило..... 5.00
- коловоз..... 7.00
- пешачка патека-тротоар..... 5.50

Вкупно: 30,00м'

Б. Собирни улици:

4. Булевар"Партизански одреди":Профил 4-4
- пешачка патека-тротоар.....12.00
- коловоз..... 10.50
- средишно зеленило..... 5.00
- коловоз..... 10.50
- пешачка патека-тротоар..... 12.00

Вкупно: 50,00м'

5. Улицата "Ацо Шопов": Профил 5-52
- пешачка патека-тротоар.....5.50
- коловоз..... 14.00
- пешачка патека-тротоар..... 5.50

Вкупно:25,00м'

Секундарната улична мрежа ја сочинуваат следните сервисни и станбени улици поставени почитувајќи ја постојната состојба со структура на сообраќајни профили според пропишаните за ваков вид на сообраќајници. Тоа се следните улици со профили:

В. Сервисни улици:

6. Улицата "С1", "С2" , "С3 " : Профил 6-6
- пешачка патека-тротоар.....6.00
- коловоз..... 6.00
- пешачка патека-тротоар..... 6.00

Вкупно:18,00м'

7. Улицата "С4" : Профил 7-7
- пешачка патека-тротоар.....2.00
- коловоз..... 6.00
- пешачка патека-тротоар..... 2.50

Вкупно:10,50м'

8. Улицата "С4" : Профил 8-8
- пешачка патека-тротоар.....2.00
- коловоз..... 6.00
- пешачка патека-тротоар..... 2.00

Вкупно: 10,00м'

Г. Станбени улици:

9. Улицата "Новопланирана 1", "Новопланирана 3": Профил 9-9

- пешачка патека-тротоар.....1.50м'
- коловоз..... 7.00м'
- пешачка патека-тротоар.....1.50м'

Вкупно:10.00м'

10. Улицата "Новопланирана 5": Профил 10-10
- пешачка патека-тротоар.....1.50м'
- коловоз..... 6.00м'
- пешачка патека-тротоар.....2.00м'

Вкупно:9.50м'

11. Улицата "Новопланирана 2" и "Новопланирана 3": Профил 11-11
- пешачка патека-тротоар.....1.50м'
- коловоз..... 6.00м'
- пешачка патека-тротоар.....1.50м'

Вкупно: 9.00м'

Г. Пешачкипатеки:

Пешачкапатека1, Профил 12-12.....16.0 м'
Пешачка патека 2, Профил 13-13.....6.5 м'
Пешачка патека 3, Профил 14-14.....4.3-6.1 м'
Пешачка патека 4, Профил 15-15.....6.5 м'
Пешачка патека 5, Профил 16-16.....10.0 м'
Пешачка патека 6, Профил 17-17.....10.0 м'
Пешачка патека 7, Профил 18-18.....3.0 м'

Радиуси и кривини на уличната мрежа се дадени адекватно со прописите од сообраќај и се стандардни. Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како верикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Стационарниот сообраќај - паркирање и/или гаражирање на потребен број моторнивозила е планирано во рамките на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места ќесе утврди согласно член 59 одП равилникот за стандарди и нормативи за урбанистичкопланирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17и 86/18).Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцелане може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планиранаповршина за градење.Границата на површината за градење под нивото на теренот (која го вклучува и подземното паркирање) се поклопува со граница на градежна парцела.

Потребниот број на паркинг места ќе се определи на следниот начин:

А-ДОМУВАЊЕ

А2 Домување во станбени згради

- За станбени згради: 1 паркинг место на секои 80м2 од вкупно изградена површина.

Б-КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б2Големи трговски единици

1 паркинг место на секои 70м2 од вкупно изградената површина.

- изградена површина.

В - ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ,

В1 Образование и наука

- За основно и средно образование
- 1 паркинг место на секои 100м2 од вкупно изградената површина.

Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА,

Д1Парковско зеленило

- Потребниот број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата.

Д2 Заштитно зеленило

- Не се предвидуваат паркинг места за оваа намена.

Д3 Спорт и рекреација

- 1 паркинг место на 10 посетители.

Напомена:

- Реализација на зоната Е1- комунална инфраструктура ќе се разработи со прецизна инфраструктурна реализација преку изработка на потребната проектна документација.

Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволена висина и површина за градба.

При изработка на студија за стациониран сообраќај да се обележат сите насади од висока вегетација и истите да се почитуваат и вклопат во решението за стациониран сообраќај.

Трасата на планираниот шински под систем за јавен градски превоз на патници во графичките прилози е прикажана апроксимативно. Точната просторна диспозиција на поедините техничко технолошки елементи за шинскиот под систем ќе се решава согласно сообраќајно-техничката документација за трамвајски систем и пруга во град Скопје.

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува 47,389 ха, од која **22233м^2**е под секундарна улична мрежа или 4.69 % и **85967м^2**е под примарна улична мрежа или 18.14%.

Јавен градски превоз на патници

Локалитетот е поврзан со системот на Јавен градски превоз на патници на град Скопје преку системот на Јавен автобуски превоз преку автобуски линии по примарната улична мрежа Бул"Партизански одреди".

4.1.3.4 Нивелманско решение

Со изработка на локалитетот **Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 16, Општина Ѓорче Петров, Скопје,** пристапено е кон изработка на нивелманското решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивеламанското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.

Подолжните падови се движат во границите на дозволените.

4.1.3.5. Хидротехничка инфраструктура

Вовед

Основните решенија за водовод, фекална и атмосферска канализација за **Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 16, Општина Ѓорче Петров, Скопје,** се изработени на основа следните подлоги и податоци:

- Важечки ДУП-ови за планскиот опфат
- Постојна состојба на водовод и канализација за **Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 16, Општина Ѓорче Петров, Скопје**
- Нивелационо решение на улиците во границите на планскиот опфат;
- Постојни технички прописи и нормативи за овој вид на објекти и инсталации.

Према Деталното урбанистичко решение, просторот е предвиден со класи на намени – А2- Домување во станбени згради, Б2-Големи трговски единици, В1- Образование и наука, Г2-Лесна и незагадувачка индустрија, Д3-Спорт и рекреација и Е2- комунална супраструктура.

Површина на планскиот опфат изнесува 47,389ха. Вкупно број на жители за планскиот период 2020-2025год. изнесува Nk = 5926жители.

Водоснабдување

Водоснабдувањето на постојните и новопланираните објекти во локалитетот ќе се врши преку постојната водоводна мрежа, која преставува дел од Градскиот водоводен систем.

Водоводна мрежа во локалитетот е кружна (циркулациона). Истата придонесува за зголемување на сигурноста во снабдувањето со вода како и зголемувањето на пропусната моќ на истата (водата во секоја точка доаѓа од два правци).

Мрежата располага со доволен број на затварачи со кои се врши изолација на поедини делници при евентуален дефект на мрежата.

Потребна количина на вода на ниво на **Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 16, Општина Ѓорче Петров, Скопје**

$$Q\max/h = \frac{Nk \times Q \times a_1 \times a_2}{86400}$$ каде што е

Nk - број на жители, посетители – 5926жители
Q - водоснабдителна норма Q = 400 l/ден/жит.
a_1 = коефициент на дневна нерамномерност a_1 = 1,5
a_2= коефициент на часова нерамномерност. a_2 = 1,3
Средно дневна потрошувачка

$Q_{sr/den}$ = Nк x Q = 5926x 400/1000 = 2370,40м3/den.

$$Q\ sr/den = \frac{Q\ sr/den}{86400} = \frac{2370{,}40}{86400}$$ =27,44л/sek

Максимална дневна потрошувачка

$Q_{mah/den}$ = $Q_{sr/den}$xa_1 = 27,44x 1,50 = 41.15 л/sek.

Максимална часова потрошувачка

$Q_{mah/час}$ = $Q_{mah/den}$ x a_2 = 41.15 x 1,30 = 53.50 л/sek.

Количество на вода за против пожарна заштита

Према важечките технички прописи за заштита на населението и објектите од пожар, предвидено е да во случај на пожар се јави истовремено еден пожар со количествона вода од 10 л/сек., што важи за населени места до 5 000 жители, без оглед на отпорноста на објектите према пожар:

$$Q_{poz} = q_{poz} \cdot n_1 \cdot \frac{t}{24}$$

q_{poz} = 10 л/сек

n_1 - број на пожари кои можат да се појават истовремено
t – времетраење на пожар

Оваа потребна количина на вода до водокорисниците ќе се дистрибуира преку постојната и планираната дистрибутивна водоводна мрежа, која ќе се состои од профили со различни димензии, потточно прикажани во графичките прилози.

Фекална канализација

Одведувањето на фекалните и отпадните води од постојните и планираните објекти во локалитетот ќе се врши преку постојната и планирана фекална канализација.

Постојната фекална канализација со своите траси се вклопува во новото детално урбанистичко решение и понатаму ќе биде во функција.

Сите делници од постојната канализација кои минуваат под постојните или новопредвидените објекти се ставаат надвор од функција.

Минималниот профил на постојната и новопланираната канализација усвоен е од ∅ 250 мм , што е усогласен со прописите од ЈП Водовод и канализација – Скопје.

Количини на отпадни и фекални води

За одведување на капацитетот на мрежата прифатен е нормативот да само 80 % од искористената вода од населението во локалитетот се одведува во канализациониот систем. Останатите 20 % од искористените води нема да се испуштаат во фекалната канализација (миење на улици, поливање на зелени површини и др.). Исто така, се планира да количините на фекалните води во мрежата се зголемат и од инфилтрацијата на подземната вода за 25 %. Овие количини на отпадни води се зголемуваат за 1,50 пати во деновите на максималната оптоварувачка. Часовиот максимум е за 1,30 пати поголем од деновите на максималната потрошувачка.

Планираниот инфраструктурен систем на отпадните води ке биде димензиониран на овие коефициенти.

Имајки во предвид дека водоснабдителната норма е планирана на 400 л/сек/човек, максималната часова отпадна вода по жител изнесува:

$$qfek = \frac{0.80 \times Nk \times Q_o \times a_1 \times a_2 \times 1.2}{24 \times 60 \times 60}$$

$$qfek = \frac{0.8x5926x400x1.50x1.30x1.2}{86400}$$ = 62.40 л/сек

$qfek =$0,8 x 5926 x 400= 1896.32m3/ден

Канализационата мрежа се состои од арм. бетонски канализциони цевки со ∅ 250, ∅ 300 и арм. бетонски ревизиони шахти.

Атмосферска канализација

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците, зелените површини.

Планираната атмосферска канализација е усогласена со нивелационото решение на уличната мрежа.

Количини на атмосферски води

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, интензитетот на дождот и отечниот коефициент.

$Q_{atm} = F \cdot q_i \cdot \Psi(l/\sec)$ = 47,389 110 x 0,5=2224,54 л/сек

F – вкупна сливна површина (ха) 47,389ха

q_i – специфичен истек (110)

Ψ - просечен коефициент на истекување (0.4)

